# 57. Л Е Т Н А  Ш К О Л А
# на МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
# (Охрид, 15–29 август 2024)

**Почитувани,**



Во годината кога најстариот и најреномиран Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје одбележува 75 години од основањето, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ ја организира 57. Летна школа што ќе се одржи во прекрасниот древен град, културен, духовен и туристички центар Охрид од 15–29 август 2024 во Конгресниот центар на УКИМ.

Со нова визија, подновен концепт и збогатени содржини, МСМЈЛК при УКИМ овозможува извонредна можност македонскиот јазик, литература и култура да се изучуваат во тек на две седмици од страна на врвни професори, предавачи, научни работници и соработници, истакнати македонисти, филолози, културолози, фолклористи, етнолози, музиколози, филозофи и историчари.



Меѓународниот семинар организира редовна настава, пленарни предавања и изборни курсеви, а од оваа година овозможува широка палета на содржини, културно-уметничка програма, промоции, средби со писатели и екскурзии со посета на значајни културно-историски знаменитости.

Охрид е древен град, град на културно-историско наследство што спаѓа во светско културно наследство и богатство, град на УНЕСКО и една од врвните светски туристички дестинации. Охридско-Струшкиот регион и Охридското Езеро се вистински бисер на Балканот и голем културен и туристички центар.

**Покана за учество**

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ

ИМА ЧЕСТ ДА ВЕ ПОКАНИ ДА УЧЕСТВУВАТЕ НА 57. ЛЕТНА ШКОЛА НА МСМЈЛК при УКИМ којашто ќе се одржи од 15–29.8.2024 година во Охрид.

## Историјат

**Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ е основан на 22 декември 1967 година и како најстар Семинар во регионот, има традиција од 57 години.** Досега се одржани **56 летни школи** и **четири зимски школи,** на кои учествувале повеќе од **4000 учесници** од **над 60 земји,** меѓу кои истакнати македонисти, филолози, балканолози, слависти, студенти, професори по македонски јазик и литература на странски универзитети, научни работници што го изучуваат македонскиот јазик на лекторатите на МСМЈЛК и на универзитетите во светот. Македонистиката што ја развива МСМЈЛК има врвни научни дострели, за што сведочи делото, ангажманот и посветеноста на плејада академици, професори, научни работници итн. Од оваа година, Семинарот е отворен и за поширок круг љубители на македонистиката, за преведувачи, културолози и афирматори на македонистиката во светот.

## Време и место

- **57. Летна школа** ќе се одржи од **15–29 август 2024 година во Конгресниот центар во прекрасниот древен град Охрид,** град на УНЕСКО, град на културно-историски и археолошки богатства и град што е светска туристичка дестинација.









- Конгресниот центар на УКИМ во Охрид е оддалечен 6 километри од центарот на градот и 17 километри од Охридскиот аеродром. Објектот се наоѓа на само 150 метри од прекрасното Охридско Езеро, а под прекрасната густа шума на планината Галичица.

### Јубилеи

- 57. Летна школа ќе биде во знакот на неколку важни јубилеи: 75 години од основањето на УКИМ, 150 години од раѓањето на великанот Крсте Мисирков, 95 години од раѓањето на великанот Гане Тодоровски и 90 години од раѓањето на великанот Петре М. Андреевски.

### Електронска апликација – за првпат

- За првпат годинава, МСМЈЛК при УКИМ ја отвора мрежата и кон поширок интерес, кон можни, идни македонисти или љубители на македонскиот јазик, литература и култура преку **Електронска апликација.**
- Електронската апликација се однесува на македонисти, љубители на македонскиот јазик, литература и култура, кои би можеле да бидат семинаристи на претстојната Летна школа.
- **За условите за учество на семинаристи (со самофинансирање) следува линк, во прилог.**

### Богати програмски содржини и подновен збогатен концепт

Годинава Програмата на 57. Летна школа има **подновен концепт со нови и богати содржини.**

**Семинарот има редовна, задолжителна настава (вежби), предавања, курсеви по избор (Курс за македонска книжевност и Курс за македонски народни ора) и богата културно-уметничка програма, како и екскурзии со посета на значајни културно-историски локалитети, знаменитости и објекти.**

Лекторските вежби по **македонски јазик** ќе бидат на три рамништа: почетно, средно и напреднато, а **Литературно-културолошката секција (со Преведувачка работилница)** е на напреднато рамниште.

57. Летна школа на МСМЈЛК содржи:

- **задолжителна настава:**
  **Лекторска настава (вежби) во две секции:**
  **- јазична**
  **- литературно-културолошка (со Преведувачка работилница);**
- **предавања**
- **курсеви по избор, како што е Курсот за македонски народни ора и други**

- **амбиентална настава** во прекрасни амбиенти од културно-историското наследство на Охрид
- **промоции, средби со уметници и писатели**
- **културно-научни екскурзии на значајни археолошки, историско-културни локалитети**
- **културно-уметничка програма**
- **дебати, тематски вечери, интерактивна програма.**

Наставата ќе се одржува секој ден, освен недела. Наставната програма предвидува студиозно и континуирано изучувањето на македонскиот јазик, литература и култура преку лекторски курсеви, според степенот на познавање на македонскиот јазик. Наставата ја изведуваат афирмирани универзитетски професори, истакнати научни работници и соработници на УКИМ.

Меѓународниот семинар планира одржување научно-културни екскурзии со посета на значајни археолошки, историско-културни локалитети во Охридско-Струшкиот регион. Семинаристите имаат извонредна можност да го запознаат Охрид како прекрасна туристичка дестинација, позната во светот како врвна туристичка вредност, особено по својот драгоцен културен туризам и природни, климатски и еколошки вредности кои се вистинска благодет за здравјето на сиот биосвет.

Во вечерните часови предвиден е термин за промоции, за средби, за интерактивни настани, за дебати и за претставувања, преку кои се збогатува научната и културната понуда за учесниците. Семинаристите ќе имаат можност да се запознаат и со книжевниот, со уметничкиот и со културниот живот, преку средби со познати македонски писатели и уметници.

**Културно-историски екскурзии на археолошки знаменитости**

Меѓународниот семинар организира културно-научни екскурзии со посета на значајни археолошки локалитети, архитектонски и уметнички репрезенти и богатства.









## Курсеви по избор

На Меѓународниот семинар се одржува и Курс по македонски народни ора на кој семинаристите од целиот свет учат традиционални македонски ора од кореограф.



## Предавачи и лектори

На Летната школа лекторските часови и предавањата ќе ги реализираат афирмирани универзитетски професори, научни работници и соработници кои работат при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Традиција

Градот на древното и славно минато, на духовната традиција на изворот на сесловенската писменост – градот Охрид веќе 57 години е летен македонистички Универзитет.

Со гордост истакнуваме дека МСМЈЛК при УКИМ ја продолжува и развива големата традиција и мисија на сесловенските просветители и генијални филолози Свети Кирил и Методиј, чија дејност ја продолжуваат и развиваат најверните ученици Свети Климент Охридски и Свети Наум Охридски, развивајќи голема просветна, просветителска и духовна дејност на славната Охридска книжевна школа која имала 3000 ученици на манастирскиот комплекс и археолошки локалитет Плаошник, во стариот град Охрид.





### Мисијата на македонистиката

Семинарот е преплет на компетенции, квалитет, врвна наука, но и енергии, синергија, голем ентузијазам на македонистите и љубителите на македонистиката од целиот свет. Мисијата на македонистиката расте со секое издание на Летната школа во Охрид.

### Организатор

Летната школа ја организира Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Градот Охрид и Охридското езеро



Охрид се наоѓа на надморска височина од 695 м. Охридското Езеро е најстаро во Европа, едно од најголемите на континентот и зафаќа површина од 384 км$^2$.

Регионот на Охридското езеро се одликува со локално-континентална клима. Охрид има богати природни ресурси, богат шумски фонд, како што е познатиот Национален парк Галичица.

### Охрид – светски културен и туристички бисер

Охрид е древен град што е познат како „град на светлината“ поради значењето на неговото старо име, но и поради прекрасниот бисерен сјај на езерото и архитектурата на старото градско јадро кое сјае со прекрасна белина.



Охрид е голем духовен православен центар и во светот е познат како град со 365 цркви и манастири – за секој ден во годината. Охрид е познат какао Балкански и Европски Ерусалим. Охридскиот регион е вклучен во светското културно наследство на УНЕСКО.

Охридско-Струшкиот регион има многу природни богатства, феномени, атракции прекрасни природни убавини.

## Добредојде

Како и секоја година, очекуваме голем интерес од студентите, професорите, раководителите на катедри, научните работници, преведувачите и воопшто – македонистите и филолозите од целиот свет, како и од љубителите на македонскиот јазик, литература и култура.

Ви посакуваме топло добредојде во прекрасниот и незаборавен Охрид, каде што ќе запознаете култура на древна традиција, богато културно наследство, раскошна уметност, туризам со богати содржини и топло гостопримство.

## Електронска пријава:

**ЛИНК ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ПРИЈАВА**

Адреса: Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
msmjlk@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk/msmjlk

**Во прилог:**

- **Видео „Летна школа“** – изработен од Елена Ѓорѓиовска, лектор на МСМЈЛК при УКИМ, работи како лектор по македонски јазик на Факултетот за странски јазици и литератури во Букурешт, Р. Романија
- **Видео „Охридска песна“** – Илинка Скаловска – автор на музиката и видеото, и клавирска изведба.

**Директорка на Меѓународниот семинар за македонски јазик литература и култура УКИМ во Скопје**
**проф. д-р Кристина Николовска**